| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | **Предлог – УПВНМ за Казнено поправен дом "Идризово" КО Идризово, Општина Гази Баба - Скопје**, |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Гази Баба |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Гази Баба |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Благица Блажевска |
| Назив на работното место | Раководител на<br>Сектор за урбанизам и градежно земјиште |
| Контакт податоци за лицето | 389 02 239 534<br>072 225 977 |

| |
|---|
| **Основни податоци за планскиот документ** |
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Закон за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.199/14,44/15, 193/15, 31/16, 163/16,64/18 и 168/18), Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови ("Службен весник на РМ" бр.142/16 ) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15,217/15, 222/15,228/15, 35/16, 99/16,134/16, 33/17 и 86/18) |
| **Дали се донесува нов плански документ или се врши измени на постојниот** |
| ДА x<br>НЕ |
| **Даколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| Урбанистички проект со техн.бр.F 2709 од 2010год. заверен од Министерство за транспорт и врски со решение бр.16-1049/22 од 26.07.2010год. Причината за донесување на нов **УПВНМ за Казнено поправен дом "Идризово" КО Идризово** е целосно усогласување на плановите со Закон за просторно и урбанистичко планирање  и формирање на повеќе градежни парцели со различна намена |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| Да , просторно и урбанистичко планирање |
| **Дали планскиот документ е определен со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколу е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен (пр. член 3 точка 1 алинеја 5).** |
| Да   ,  Член  3 , точка 13  , алинеја / |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| Не |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животната средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| не |

| |
|---|
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| **УПВНМ за Казнено поправен дом "Идризово" КО Идризово** има за цел поставување на урбанистички концепт за организација на просторот во границите на планскиот опфат, а во исто време преставува континуитет во развојот на делот од населеното место усогласувајќи го планскиот документ согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање согласно Услови за планирање на просторот издадени од Агенција за планирање (елаборат со техн.бр.13509) и решение за услови за планирање бр. 15-6417/4 од 14.09.2009год.. издадени од МЖСПП<br>Во рамките на планскиот опфат **УПВНМ за Казнено поправен дом "Идризово" КО Идризово** планирани се следните доминантни класи на намена:<br>• **Група на класа на намена – В** (Јавни институции)<br>- **Основна класа на намена – В4** (Државни институции)<br>• **Група на класа на намена – Г** (Производство, дистрибуција и сервиси)<br>− **Основна класа на намена – Г2** (Лесна и незагадувачка индустрија)<br>− **Основна класа на намена – Г3** (Сервиси)<br>− **Основна класа на намена – Г4** (Стоваришта)<br>• **Група на класа на намена – Д** (Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори)<br>− **Основна класа на намена – Д1** (Парковско зеленило)<br>− **Основна класа на намена – Д2** (Заштитно зеленило)<br>− **Основна класа на намена – Д3** (Спорт и рекреација)<br>• **Група на класа на намена – Е** (Инфраструктура)<br>− **Основна класа на намена – Е1** (Комунална инфраструктура)<br>− **Основна класа на намена – Е2** (Комунална супраструктура)<br>− **Основна класа на намена – Е3** (Некомпатибилна инфраструктура)<br>Заради флексибилност на планот во градежните парцели постои можност за избор на компатибилни класи на намени со максимален дозволен % на учество на збирот на компатибилни класи на намени во однос на основната класа кои се таксативно наведени согласно Правилник.<br>Според тоа предметниот **УПВНМ за Казнено поправен дом "Идризово" КО Идризово , Општина Гази Баба - Скопје**, , преставува плански документ за кој не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Просторно и урбанистичко планирање. |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| Десет години |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање на колку години?** |
| По истекот на пропишаниот плански период. |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |

Границата на планскиот опфат се движи :
• На север се движи на дел по осовина на регионален пат Р1102, а на дел по опфат на усвоен Општ акт за с. Идризово,
• На исток: се движи по осовина на новоформираната “улица Б”,
• На југ: продолжува по граници на следните катастарски парцели:
КП 519, дел од КП 978, дел од КП 970, КП 511, КП 511/2, КП 977/2, КП 413/1 и дел од КП 413/2.
• На запад: се движи по осовина на новоформираната “улица А”

Површината во границите на планскиот опфат на **УПВНМ за Казнено поправен дом "Идризово" КО Идризово** изнесува **92,70 ха**.

- Од истражувањето на постојната состојба и увидот на терен, констатирано е да просторот е наменет за: **– В4** (Државни институции) , **Г2** (Лесна и незагадувачка индустрија), **Г3** (Сервиси), **Г4** (Стоваришта), **Д2** (Заштитно зеленило), **Д3** (Спорт и рекреација), **Е2** (Комунална супраструктура) и **Е3** (Некомпатибилна инфраструктура)
- (во прилог на формуларот Ви доставуваме графички прилог од урбаниот зафат)

**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

ДА Х
НЕ

**Дали е приложена копија од целите?**

ДА Х
НЕ

**Резиме на влијанијата врз животната средина**

(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.

**Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**

Со реализација на планскиот документ се предвидува изградба на објекти на земјиште на кое е предвидена основни класи на намени на земјиштето:
• **Група на класа на намена – В** (Јавни институции)
- **Основна класа на намена – В4** (Државни институции)

• **Група на класа на намена – Г** (Производство, дистрибуција и сервиси)
− **Основна класа на намена – Г2** (Лесна и незагадувачка индустрија)
− **Основна класа на намена – Г3** (Сервиси)

| |
|---|
| − **Основна класа на намена – Г4** (Стоваришта)<br>• **Група на класа на намена – Д** (Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори)<br>− **Основна класа на намена – Д1** (Парковско зеленило)<br>− **Основна класа на намена – Д2** (Заштитно зеленило)<br>**− Основна класа на намена – Д3** (Спорт и рекреација)<br>• **Група на класа на намена – Е** (Инфраструктура)<br>− **Основна класа на намена – Е1** (Комунална инфраструктура)<br>− **Основна класа на намена – Е2** (Комунална супраструктура)<br>− **Основна класа на намена – Е3** (Некомпатибилна инфраструктура)<br>што како активност нема влијание врз животната средина поготово што поголем процент од земјиштето е веке изградено<br>Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на овој **УПВНМ за Казнено поправен дом "Идризово" КО Идризово**, може да се разгледуваат од аспект на идни бенифиции,односно позитивни влијанија. |

| | |
|---|---|
| **Веројатноста, времетрањето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;** | Зголемувањето на степенот на искористеност на земјиштето и изградба на сообрќајната инфраструктура и комуналните системи ќе овозможи подобар квалитет во дејноста за која е наменет и работењето односно повисоки стандарди на урбанизираниот простор за сите корисници. Од ова произлегува и очекувано зголемување прилив на средства за надоместок за уредување на градежното земјиште односно комуналии за општината , кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот.<br><br>Меѓутоа, веројатноста дека со усвојувањето на **УПВНМ за Казнено поправен дом "Идризово" КО Идризово**, нема негативни влијанија врз животната средина ,како во фазата на градба,така и во фаза на експлоатација на планираните објекти.<br><br>Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисија на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата- директни и индиректни, емисии на бучава, отпад и влијание врз флората и фауната ), ќе бидат локални и со ограничен временски рок. |

| | |
|---|---|
| | Влијанијата кои ќе се јават во фаза на експлоатација на објектите се проценуваат како незначајни со долгорочен карактер, имајќи го во предвид фактот дека планираните објекти долгорочно ќе опстојуват на оваа локација. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето;** | Изградбата на планираните содржини на предметниот урбан зафат ќе има комулативно влијание врз животната средина,но не многу значајно а кое пред се ќе се огледа на штетното влијание врз амбиенталниот воздух, поради зголемената фреквенција на возила и испарувањата, како и зголемувањето на количеството на создаден отпад, како комунален , така и на други видови на отпад.<br>Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата;** | Од овој проект не се очекуваат прекугранични влијанија. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);** | При изградба и експлоатација на предвидените содржини во рамките на планскиот опфат, постои ризик по здравјето на луѓето и животната средина од евентуално предизвикани пожари и хаварии и за истите се предвидуваат мерки за заштита. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).** | Граница на планскиот опфат се движи:<br>• На север се движи на дел по осовина на регионален пат Р1102, а на дел по опфат на усвоен Општ акт за с. Идризово,<br>• На исток: се движи по осовина на новоформираната “улица Б”,<br>• На југ: продолжува по граници на следните катастарски парцели:<br>КП 519, дел од КП 978, дел од КП 970, |

<table>
<tr><td></td><td>КП 511, КП 511/2, КП 977/2, КП 413/1 и дел од КП 413/2.<br>• На запад: се движи по осовина на новоформираната “улица А”<br><br>Површината во границите на планскиот опфат на УПВНМ за Казнено поправен дом "Идризово" КО Идризово изнесува 92,70 ха.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предзивикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Со реализацијата на УПВНМ за Казнено поправен дом "Идризово" КО Идризово, ќе се зголеми степенот на искористеност на земјиштето и изгрдба на сообрќајната инфраструктура и комуналните системи ќе овозможи подобар квалитет во живеењето, работењето, односно повисоки стандарди на урбанизираниот простор за сите корисници. Од ова произлегува и очекувано зголемување на прилив на средства за надоместок за уредување на градежното земјиште односно комуналии за општината , кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот.Основна цел на овој УП е решавање на проблемот со внатрешен сообраќај, дефинирање на градежни парцели и можности за реализација на градби потребни за функционирање на КПД Идризово.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Предметниот локалитет е изградено градежно земјиште на кој има изградено претежно објекти за КПД Идризово со пропратни содржини. Се планира изградба на нови објекти за конкретната намена - државни институции, казнено поправен дом-проширување на капацитетите, спортски терени, дел мали производни капацитети.<br>Границите на опфатот се:<br>• На север се движи на дел по осовина на регионален пат Р1102, а на дел по опфат на усвоен Општ акт за с. Идризово,<br>• На исток: се движи по осовина на новоформираната “улица Б”,<br>• На југ: продолжува по граници на следните катастарски парцели:<br>КП 519, дел од КП 978, дел од КП 970, КП 511, КП 511/2, КП 977/2, КП 413/1 и дел од КП 413/2.<br>• На запад: се движи по осовина на новоформираната “улица А”</td></tr>
<tr><td>Посебни природни карактеристики или културно наследство;</td><td>На предметниот локалитет не е евидентирано културно наследство</td></tr>
<tr><td>Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или гранични вредности;</td><td>Не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **Интензивна употреба на земјиштето;** | Земјиштето на кое ќе се градат објектите претставува градежно земјиште,коешто нема можност за друга употреба. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Со УПВНМ планирани се следните основни класи на намени на земјиштето:

• **Група на класа на намена – В** (Јавни институции)

- **Основна класа на намена – В4** (Државни институции)

• **Група на класа на намена – Г** (Производство, дистрибуција и сервиси)

− **Основна класа на намена – Г2** (Лесна и незагадувачка индустрија)

− **Основна класа на намена – Г3** (Сервиси)

− **Основна класа на намена – Г4** (Стоваришта)

• **Група на класа на намена – Д** (Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори)

− **Основна класа на намена – Д1** (Парковско зеленило)

− **Основна класа на намена – Д2** (Заштитно зеленило)

**− Основна класа на намена – Д3** (Спорт и рекреација)

• **Група на класа на намена – Е** (Инфраструктура)

− **Основна класа на намена – Е1** (Комунална инфраструктура)

− **Основна класа на намена – Е2** (Комунална супраструктура)

− **Основна класа на намена – Е3** (Некомпатибилна инфраструктура)

Заради флексибилност на планот, во градежните парцели со основна класа на намена постои можност за избор на компатибилни класи на намени со максимален дозволен % на учество на збирот на компатибилни класи на намени во однос на основната класа на намена. Големината на урбаниот зафат е **92,70ха.** Планскиот документ кој ќе се спроведува има законска рамка и со него се планираат условите за градба на објектите.

**Објаснете ја околината во близината на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резеденцијални проекти):**

Со планскиот документ се предвидува изградба на објекти за потребите на Управата за санкции, лесна и незагадувачка индустрија, сервиси, стоваришта и магацини, објекти и терени за спорт и рекреација, , парковско зеленило ,заштитно зеленило; сообраќајна инфраструктура (сервисни улици,пристапни улици и пешачки патеки); комунална инфраструктура (хидротехничка,електроенергетска и телекомуникациска инфраструктура);

Предметниот локалитет се наоѓа во границите на Општина Гази Баба,со местоположба:

• На север се движи на дел по осовина на регионален пат Р1102, а на дел по опфат на усвоен Општ акт за с. Идризово,

• На исток: се движи по осовина на новоформираната “улица Б”,

• На југ: продолжува по граници на следните катастарски парцели:

КП 519, дел од КП 978, дел од КП 970, КП 511, КП 511/2, КП 977/2, КП 413/1 и дел од КП 413/2.

• На запад: се движи по осовина на новоформираната “улица А”

Не се очекува предметните објекти за потребите на Управата за санкции, лесна и незагадувачка индустрија, сервиси, стоваришта и магацини, објекти и терени за спорт и рекреација, парковско зеленило ,заштитно зеленило; сообраќајна инфраструктура (сервисни улици,пристапни улици и пешачки патеки); комунална инфраструктура (хидротехничка,електроенергетска и телекомуникациска инфраструктура); да имаат негативно влијание врз околните објекти доколку се спроведат сите мерки кои ќе бидат предвидени во планската документација , ниту пак се очекува објектите кои е можно да се градат во непосредното опкружување да влијаат негативно врз објектите кои се планирани да се градат во рамките на **УПВНМ за Казнено поправен дом "Идризово" КО Идризово**.

Планскиот документ се однесува на веќе предходно зацртана цел односно се врши изработка на нов УПВНМ со цел за поставување на урбанистички концепт за организација на просторот во границите на планскиот опфат, а во исто време преставува континуитет во развојот на делот од населеното место усогласувајќи го планскиот документ согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање согласно Услови за планирање на просторот издадени од Агенција за планирање (елаборат со техн.бр.13509) и решение за услови за планирање бр. 15-6417/4 од 14.09.2009год. издадени од МЖСПП.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина, отколку некој образовен план на наставните планови).**

Донесувањето на **УПВНМ за Казнено поправен дом "Идризово" КО Идризово**, ќе има влијание но не значително а кои се огледаат во следните области од животната средина :

-воздух- активностите за изградба на предвидените објекти и нивното функционирање ќе влијаат врз квалитетот на воздухот,пред се поради емитувањето на штетни гасови од возилата и градежната механизација која ќе сообраќа до предметните локалитети и начинот на загревање. Сепак се оценува дека ова влијание нема значително да го загрози квалитетот на воздухот;

-бучава- и во фаза на реализација на планот, како и во фаза на експлоатација се очекува зголемено ниво на бучава на предметниот локалитет.Имајќи во предвид дека урбаниот зафат се наоѓа помеѓу регионален пат и река Вардар,не се очекува значајно негативно влијание врз животната средина;

-отпад- во фаза на реализација и експлоатација на содржините предвидени во

рамките на урбаниот зафат се очекува зголемување на количеството на продуциран отпад.Доколку со истиот не се постапува согласно позитивните законски норми, може да бидат предизвикани значајни влијанија врз медиумите од животната средина ( почва,подземни води, воздух итн.);

-флора и фауна- негативните влијанија ќе бидат локални, но не се очекува да бидат значителни. Во пределот кој се наоѓа во рамките на планскиот опфат не се евидентирани карактеристични видови од флора и фауна,ендемични и загрозени видови,како и карактеристични живеалишта.

Од аспект на одржливост,донесувањето на **УПВНМ за Казнено поправен дом "Идризово" КО Идризово**, позитивно ќе влијае врз:

- Подобрување на условите за престој на лицата во КПД,
- модернизирање на целиот комплекс
- обезбедување едукативна работна сила на лугето кои престојуваат во локалитетот, во малите комерцијални објекти и објекти за лесна незагадувачка индустрија
- обезбедување на комунален надоместок кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот,
- подигнување на нивото и условите за престој во комплексот,

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Објаснете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои можат да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**

Од еколошки аспект, значајни се следните влијанија кои може да бидат предизвикани врз животната средина:

-загадување на површинските и подземните води ( доколку не се придржуваат инвеститорите до предвидените проекти водоводна мрежа,фекална и атмосверска канализација);
-зголемување на нивото на бучава ( предизвикано од градежните активности,како и од сообраќањето на возилата во фаза на експлоатација);
-зголемување на количината на продуциран отпад ( како во фаза на реализација, така и во фаза на експлоатација на објектите предвидени во планскиот опфат);

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерхијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот планскио документ и другите планските документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Предметниот УПВНМ се базира директно на параметрите и одредбите на Закон за просторно и урбанистичко планирање согласно Услови за планирање на просторот издадени од Агенција за планирање (елаборат со техн.бр.13509) и решение за услови за планирање бр. 15-6417/4 од 14.09.2009год.. издадени од МЖСПП

Исто така изработката на **УПВНМ за Казнено поправен дом "Идризово" КО Идризово** има допирни точки со :

- Демографски и економски-социјален профил на Општина Гази Баба 2009 година;
- Стратегија за ЛЕР на Општина Гази Баба 2013-2016 година;
- Локален акционен план за животна средина ( ЛЕАП ) на Општина Гази Баба 2014-2019година.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Потенцијалните влијанија од предметниот плански документ не биле предмет на оцена во поранешната фаза на донесување на други плански документи.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Не се спроведува стратегиска оценка на планскиот документ.

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Потврдуваме дека информациите дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | Градоначалник<br>Борис Георгиевски |

| | |
|---|---|
| Датум: 22.10.2018година<br>28-3/4036/2<br>Место: Скопје | М.П |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА 1 СКОПЈЕ